Назив на проектот: „Механизам за превенција од корупција“
Референтен број на проектот: SB MKD NI 01/2023-003
Назив на организацијата-носител: ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија Скопје
Назив на програмата: СМАРТ БАЛКАН
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ПОВРЗАН ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Опис на работна задача за услуги за Подготовка на промотивно видео и Дигитален онлајн маркетинг**

Според Б.Л. 10.1.2 Подготовка на промотивно видео и Б.Л. 10.1.3 Дигитален онлајн маркетинг

| | |
|---|---|
| **Цели на проектот:** | Општата цел на проектот е да даде придонес во борбата против корупцијата преку воспоставување соработка и партнерство помеѓу ГО, граѓаните и клучните антикорупциски институции и нивните соодветни тела.<br><br>Специфичните цели на проектот се:<br>• Зголемување на капацитетите и знаењето на ГО во антикорупциските практики<br>• Овозможување ефективен механизам за справување со еколошката корупција<br>• Подигнување на јавната свест за еколошките корупциски нишки и нивните последици |
| **Цели на активноста:** | Креирање на видео кое на гледачот ќе му даде јасна претстава за тоа што е корупција во животната средина, како да ја препознае и каде т.е. на кој начин може да ја пријави истата. Воедно, развој и имплементација на засебен медиа план за промоција на видеото, графички дизајн и поставување на дигитални банери на социјални медиуми и интернет портали. |
| **Генерален опис на ангажманот:** | За потребите за промовирање на развиениот механизам за пријавување на корупција, ќе биде подготвено кусо анимирано видео кое на гледачот ќе му даде јасна престстава за тоа што е корупција во животната средина, како да ја препознае и каде т.е. на кој начин може да ја пријави истата. Воедно, за промоција на видеото ќе биде потребни услуги за дигитален онлајн маркетинг, односно развој и имплементација на засебен медиа план за промоција на видеото, графички дизајн и поставување на дигитални банери на социјални медиуми и интернет портали. |
| **Задачи:** | Правното лице се очекува да ги преземе следните активности:<br>• Подготовка на нацрт-сценарио<br>• Изработка на анимирано промотивно видео, во времетраење до макс. 60 секунди на македонски јазик<br>• Развој и имплементација на засебен медиа план за промоција на видеото<br>• Графички дизајн и поставување на дигитални банери на социјални медиуми и интернет портали |
| **Продукт(и) од ангажманот:** | Изведувачот е одговорен за техничко производство на висококвалитетно анимирано промотивно видео, како и развој и имплементација дигитален онлајн маркетинг, вклучувајќи ги сите неопходни чекори за успешна реализација (истражување, развој и постпродукција) и се обврзува да го преземе следново: |

<table>
<tr><td></td><td>
<ul>
<li>Развој на нацрт-сценарио што ќе биде во согласност со барањата и целите и задачите на активноста</li>
<li>Да се определи лице кое ќе биде одговорно за комуникација со проектниот тим и кое ќе биде одговорно за реализација на работната задача</li>
<li>Да се обезбеди редовна комуникација и состаноци со проектниот тим во текот на процесот на спроведување на задачите</li>
<li>Да се обезбеди техничка опрема за извршување на работните задачи</li>
<li>Да понуди производствено решение кое ги следи светските трендови на видео продукција, засновано на врвен квалитет на видео и атрактивно уникатно сценарио</li>
<li>Да се вклучат правилата за видливост поставени од донаторот на проектот во видеото, во координација со проектниот тим</li>
<li>Да се вклучи дисклејмер на крајот од видеото, во координација со проектниот тим</li>
<li>Подготовка и испорака на едно анимирано промотивно видео во времетраење од макс. 60 секунди на македонски јазик</li>
<li>Развој и имплементација на засебен медиа план за промоција на видеото</li>
<li>Графички дизајн и поставување на дигитални банери на социјални медиуми и интернет портали</li>
<li>Извештај за сработените задачи</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td>Локација:</td><td>Скопје</td></tr>
<tr><td>Период на спроведување:</td><td>Ангажманот ќе биде реализиран во индикативен периодот од 1-ви Јули до 31-ви Август 2024 година.</td></tr>
<tr><td>Индикативен буџет:</td><td>Понудата за издвоениот дел кој се однесува на дигитален онлајн маркетинг не треба да ја надминува сумата 900 евра во денарска противредност.</td></tr>
<tr><td>Потребни квалификации и вештини:</td><td>
<ul>
<li>Да се правни лица/продукциска куќа/маркетинг компанија регистрирани на територијата на Република Северна Македонија</li>
<li>Имаат долгогодишно искуство во производство, снимање и анимирање видеа</li>
<li>Имаат долгогодишно искуство во развој и имплементација на медиа план и спроведување на дигитален маркетинг</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td>Критериуми за оценување:</td><td>
<table>
<tr><th>Сегменти</th><th>Поени</th></tr>
<tr><td>Портфолио</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Искуство/компетентност/квалификации</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Методологија/медиа план</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Цена</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Вкупно поени</td><td>100</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>Кој може да аплицира:</td><td>Правни лица регистрирани на територија на Република Северна Македонија</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Документи се потребни за поднесување на апликација:** | Правните лица треба да поднесат портфолио, предлог методологија/медиа план, финансиска понуда и тековна состојба/ДРД образец. |
| **Локација и рок за поднесување на апликации:** | Електронски на project@florozon.org.mk или contact@florozon.org.mk<br>или<br>Лично до канцеларијата на Флорозон на Ул. Никола Парапунов бр. 41/102, 1000 Скопје<br>Краен рок за поднесување на апликација 28-ми Јуни 2024 година |

Бр. 0302/55-3

Скопје, 20.06.2024